РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-395
18. 12. 2020 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 100 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4315/1 од 25.11.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради емитување на рекламирање со вкупно времетраење подолго од дозволените 12 минути на еден реален час, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/11 од 17.12.2020 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, заради извршена повреда на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 , 132/14, 142/16, 132/17, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а казнива по член 149 став 1 точка 9 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2-ри ноември 2020 година, вкупното времетраење на рекламирањето во повеќе реални часови во текот на денот беше подолго од максимално дозволените 12 минути на еден реален час, и тоа:

- вкупното времетраење на рекламирањето во реалниот час од 11 до 12 часот изнесуваше 14 минути и 56 секунди, што е за 2 минути и 56 секунди подолго од дозволеното, во кој реален час беа емитувани аудиовизуелните комерцијални комуникации, и тоа: рекламен блок во емисијата „Info Kids“, емитуван во периодот од 11:20:05 до 11:21:47 часот (вкупно 1 минута и 42 секунди); рекламен блок, емитуван во периодот од 11:22:17 до 11:31:00 часот (вкупно 8 минути и 43 секунди); прв рекламен блок во емисијата „Храна и вино“, емитуван во периодот од 11:41:32 до 11:43:47 часот (вкупно 2 минути и 15 секунди); и втор рекламен блок во емисијата „Храна и вино“, емитуван во периодот од 11:54:58 до 11:57:14 часот (вкупно 2 минути и 16 секунди);
- вкупното времетраење на рекламирањето во реалниот час од 14 до 15 часот изнесуваше 23 минути и 10 секунди, што е за 11 минути и 10 секунди подолго од дозволеното, во кој реален час беа емитувани аудиовизуелните комерцијални комуникации: рекламен блок, емитуван во периодот од 14:00:00 до 14:07:13 часот

(вкупно 7 минути и 13 секунди); рекламен блок, емитуван во периодот од 14:32:00 до 14:41:02 часот (вкупно 9 минути и 2 секунди); „Мали огласи", емитувани во периодот од 14:41:43 до 14:46:23 часот (вкупно 4 минути и 40 секунди); и рекламен блок во емисијата „Храна и вино", емитуван во периодот од 14:47:44 до 14:49:59 часот (вкупно 2 минути и 15 секунди);

- вкупното времетраење на рекламирањето во реалниот час од 15 до 16 часот изнесуваше 16 минути и 37 секунди, што е за 4 минути и 37 секунди подолго од дозволеното, во кој реален час беа емитувани аудиовизуелните комерцијални комуникации: рекламен блок во емисијата „Храна и вино", емитуван во периодот од 15:01:10 до 15:03:25 часот (вкупно 2 минути и 15 секунди); рекламен блок, емитуван во периодот од 15:04:10 до 15:12:00 часот (вкупно 7 минути и 50 секунди); „Мали огласи", емитувани во периодот од 15:22:10 до 15:26:52 часот (вкупно 4 минути и 42 секунди); и рекламен блок во емисијата „Нема љутиш", емитуван во периодот од 15:52:10 до 15:54:00 часот (вкупно 1 минута и 50 секунди); и

- вкупното времетраење на рекламирањето во реалниот час од 17 до 18 часот изнесуваше 19 минути и 29 секунди, што е за 7 минути и 29 секунди подолго од дозволеното, во кој реален час беа емитувани аудиовизуелните комерцијални комуникации: рекламен блок, емитуван во периодот од 17:10:38 до 17:19:26 часот (вкупно 8 минути и 48 секунди); „Мали огласи", емитувани во периодот од 17:20:07 до 17:24:45 часот (вкупно 4 минути и 38 секунди) и рекламен блок, емитуван во периодот од 17:53:57 до 18:00:00 часот (вкупно 6 минути и 3 секунди).

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на прекршување, аудиовизуелна комерцијална комуникација, период на емитувањето (почеток, крај и вкупно) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4315/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

5. Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 25-ти ноември 2020 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на

телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2-ри ноември 2020 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2-ри ноември 2020 година, вкупното времетраење на рекламирањето во повеќе реални часови во текот на денот беше подолго од максимално дозволените 12 минути на еден реален час, и тоа: вкупното времетраење на рекламирањето во реалниот час од 11 до 12 часот изнесуваше 14 минути и 56 секунди, што е за 2 минути и 56 секунди подолго од дозволеното, во кој реален час беа емитувани аудиовизуелните комерцијални комуникации, и тоа: рекламен блок во емисијата „Info Kids“, емитуван во периодот од 11:20:05 до 11:21:47 часот (вкупно 1 минута и 42 секунди); рекламен блок, емитуван во периодот од 11:22:17 до 11:31:00 часот (вкупно 8 минути и 43 секунди); прв рекламен блок во емисијата „Храна и вино“, емитуван во периодот од 11:41:32 до 11:43:47 часот (вкупно 2 минути и 15 секунди); и втор рекламен блок во емисијата „Храна и вино“, емитуван во периодот од 11:54:58 до 11:57:14 часот (вкупно 2 минути и 16 секунди); вкупното времетраење на рекламирањето во реалниот час од 14 до 15 часот изнесуваше 23 минути и 10 секунди, што е за 11 минути и 10 секунди подолго од дозволеното, во кој реален час беа емитувани аудиовизуелните комерцијални комуникации: рекламен блок, емитуван во периодот од 14:00:00 до 14:07:13 часот (вкупно 7 минути и 13 секунди); рекламен блок, емитуван во периодот од 14:32:00 до 14:41:02 часот (вкупно 9 минути и 2 секунди); „Мали огласи“, емитувани во периодот од 14:41:43 до 14:46:23 часот (вкупно 4 минути и 40 секунди); и рекламен блок во емисијата „Храна и вино“, емитуван во периодот од 14:47:44 до 14:49:59 часот (вкупно 2 минути и 15 секунди); вкупното времетраење на рекламирањето во реалниот час од 15 до 16 часот изнесуваше 16 минути и 37 секунди, што е за 4 минути и 37 секунди подолго од дозволеното, во кој реален час беа емитувани аудиовизуелните комерцијални комуникации: рекламен блок во емисијата „Храна и вино“, емитуван во периодот од 15:01:10 до 15:03:25 часот (вкупно 2 минути и 15 секунди); рекламен блок, емитуван во периодот од 15:04:10 до 15:12:00 часот (вкупно 7 минути и 50 секунди); „Мали огласи“, емитувани во периодот од 15:22:10 до 15:26:52 часот (вкупно 4 минути и 42 секунди); и рекламен блок во емисијата „Нема љутиш“, емитуван во периодот од 15:52:10 до 15:54:00 часот (вкупно 1 минута и 50 секунди); и вкупното времетраење на рекламирањето во реалниот час од 17 до 18 часот изнесуваше 19 минути и 29 секунди, што е за 7 минути и 29 секунди подолго од дозволеното, во кој реален час беа емитувани аудиовизуелните комерцијални комуникации: рекламен блок, емитуван во периодот од 17:10:38 до 17:19:26 часот (вкупно 8 минути и 48 секунди); „Мали огласи“, емитувани во периодот од 17:20:07 до 17:24:45 часот (вкупно 4 минути и 38 секунди) и рекламен блок, емитуван во периодот од 17:53:57 до 18:00:00 часот (вкупно 6 минути и 3 секунди).

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на прекршување, аудиовизуелна комерцијална комуникација, период на емитувањето (почеток, крај и вкупно) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4315/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово на 27.11.2020 година, испрати Допис (наш арх.бр.03-395 од 27.11.2020 година) со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4315/1 од 25.11.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, односно на 07.12.2020 година и 09.12.2020 година, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, до Агенцијата достави Писмено изјаснување Уп1 бр.03-394 од 07.12.2020 година со дополнување Уп1 бр.03-394 од 09.12.2020 година. Советот на Агенцијата на 45-та седница одржана на 17.12.2020

година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното Писмено изјаснување Уп1 бр.03-394 од 07.12.2020 година со дополнување Уп1 бр.03-394 од 09.12.2020 година, при што заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/11 од 17.12.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Заменик на Претседателот на Советот,**

**д-р Милаим ФЕТАИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4315/1 од 25.11.2020 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
- Одговорното лице на програмата во правното лице ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

[illegible]
[illegible]

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: Редовен;
2. Субјект на надзорот: Трговско радиодифизно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
3. Период опфатен со надзорот: 02 ноември 2020 година;
4. Датум на извршување на надзорот: 25 ноември 2020 година;
5. Предмет на надзорот:
    - Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
    - Правилник за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
    - Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
    - Упатство за примена на одредбите за пласирање производи („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
    - Правилник за спонзорство („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
    - Правилник за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
    - Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
    - Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
    - Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

[illegible]
(емитување [illegible]).

6. Претходно изречена мерка: Нема;

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2 ноември 2020 година, на локално ниво, констатирано е прекршување на членот 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*времетраењето на рекламирањето не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час*).

Имено, во неколку реални часови во текот на денот, вкупното времетраење на рекламирањето беше подолго од 12 минути на реален час:

- Во реалниот час од 11 до 12 часот изнесуваше 14 минути и 56 секунди, што е за 2 минути и 56 секунди подолго од дозволеното;
- Во реалниот час од 14 до 15 часот изнесуваше 23 минути и 10 секунди, што е за 11 минути и 10 секунди подолго од дозволеното;
- Во реалниот час од 15 до 16 часот изнесуваше 16 минути и 37 секунди, што е за 4 минути и 37 секунди подолго од дозволеното;
- Во реалниот час од 17 до 18 часот изнесуваше 19 минути и 29 секунди, што е за 7 минути и 29 секунди подолго од дозволеното.

02.11.2020 година

| Аудиовизуелни комерцијални комуникации | Период на емитувањето | | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|---|
| | почеток | крај | вкупно | |
| Рекламен блок во емисијата „Info Kids" | 11:20:05 | 11:21:47 | 01:42 | *Времетраењето на рекламирањето во прикажаните реални часови е подолго од максимално дозволените 12 минути;* |
| Рекламен блок | 11:22:17 | 11:31:00 | 08:43 | |
| Прв рекламен блок во емисијата „Храна и вино" | 11:41:32 | 11:43:47 | 02:15 | |
| Втор рекламен блок во емисијата „Храна и вино" | 11:54:58 | 11:57:14 | 02:16 | |
| | | | 14 минути 56 секунди | |
| | | | | |
| Рекламен блок | 14:00:00 | 14:07:13 | 07:13 | |
| Рекламен блок | 14:32:00 | 14:41:02 | 09:02 | |
| „Мали огласи" | 14:41:43 | 14:46:23 | 04:40 | |
| Рекламен блок во емисијата „Храна и вино" | 14:47:44 | 14:49:59 | 02:15 | |
| | | | 23 минути 10 секунди | |
| | | | | |
| Рекламен блок во емисијата „Храна и вино" | 15:01:10 | 15:03:25 | 02:15 | |
| Рекламен блок | 15:04:10 | 15:12:00 | 07:50 | |
| „Мали огласи" | 15:22:10 | 15:26:52 | 04:42 | |
| Рекламен блок во емисијата „Нема љутиш" | 15:52:10 | 15:54:00 | 01:50 | |
| | | | 16 минути 37 секунди | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Рекламен блок | 17:10:36 | 17:19:26 | 08:48 | |
| Мали огласи | 17:20:07 | 17:24:45 | 04:38 | |
| Рекламен блок | 17:53:57 | 18:00:00 | 06:03 | |
| | | | 19 минути 29 секунди | |

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2 ноември 2020 година, времетраењето на рекламирањето во повеќе реални часови беше подолго од дозволените 12 минути на реален час.

9. Предлог мерка:

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, и согласно со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена по приемот на решението за преземање мерка јавна опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*